


# ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА МЛАДИ
# ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2020

**ОСМО ИЗДАНИЕ**

**25-30 СЕПТЕМВРИ**

**Тема: EARTH (ЗЕМЈА)**




Осмото издание на Филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија се одржа од 25-ти до 30-ти септември 2020 година, во организација на здружението Планет-М со финансиска поддршка од Агенцијата за филм на Р. С. Македонија, Џифони Експириенс Италија, Град Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Успешната реализација на ова издание на фестивалот не ќе беше можна без поддршката на многубројните партнери и поддржувачи.

Во согласност со препораките за превенција и заштита од Ковид-19, најголемиот дел од активностите наменети за младите учесници се одржа онлајн, преку младинската дигитална платформа youth.mk креирана токму со таа намена. Во вечерните часови имаше настани во живо во Кинотечното летното кино „Мирно Лето“.

Темата на фестивалот на осмото издание беше „ЗЕМЈА“ (“EARTH“) како генерален концепт на фестивалот Giffoni Experience 2020 и последна фаза од трилогијата посветена на животната средина која започна во 2018 со темата „ВОДА“ и продолжи во 2019 со темата „ВОЗДУХ“.

На осмото издание имаше над 250 млади учесници од основните и средните училишта од Скопје и еден помал дел од другите градови од Македонија. Освен децата од нашата земја, во жирито учествуваа и 52 деца од 12 други држави, кои го следеа фестивалот онлајн.

Голем дел од програмата на фестивалот, поточно оној кој беше наменет исклучиво за младите учесници, членови на жирито, се одржа онлајн.

Филмовите кои учесниците ги гледаа и за нив гласаа, дискусиите по филмовите, работилниците и мастеркласовите и гостувањата беа пренесувани преку директен видео стриминг достапен на интернет за поширокатa публика на дигиталната младинска платформа YOUTH.MK.

Програмата Џифони Плус, која се состоеше од филмови наменети за поширока публика, се одржа во живо, во Кинотечното летното кино „Мирно Лето“, со целосно почитување на протоколите за превенција и заштита од Ковид-19. На истата локација се одржаа и свеченото отворање и затворање на фестивалот.

# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ




Свеченото отворање на фестивалот се одржа во летното кино „Мирно лето“ на Кинотеката на Македонија на 25 септември со почеток од 19:30 часот.

Оваа година отворањето на фестивалот беше на отворено со целосно запазување на здравствените мерки за претпазливост и безбедност на публиката.

По обраќањето на извршниот директор на Џифони Македонија, Дарко Башески, присутните ги поздрави основачот и директорот на Џифони Екеспириенс, Клаудио Губитози, преку видео конекција од кино сала во Џифони, заедно со групата учесници од Италија.

На крај, Амбасадорот на Италија во Скопје, г-динот Карло Ромео ја поздрави публиката и го прогласи фестивалот за отворен.






Фестивалот беше отворен со проекција на италијанскиот филм „**Мојот брат брка диносауруси**“ на режисерот Стефано Чипани кој од страна на Европската филмска академија беше прогласен за најдобар филм за млада публика за 2020 година.

## ПРОГРАМА НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2020 - ОНЛАЈН ИЗДАНИЕ

Осмото издание на Џифони Македонија се подготвуваше во период на пандемија во кој беа на важност ограничувања на активностите со физичко присуство и посебни протоколи за превенција и заштита од Ковид-19. Со оглед на тоа беше неопходно активностите за младите учесници (Филмските проекции, дискусиите по филмовите, гостувањата и работилниците) кои предвидуваат поголем број на учесници да се организираат онлајн. За таа цел, благодарение на поддршката добиена во рамките на фондот за справување со Ковид на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше осмислена и развиена специјална дигитална платформа Youth.mk на која беше поставена целата филмска програма во трите натпреварувачки категории – јуниори, кадети и сениори, како и директен пренос во живо со видео стриминг од гостувањата и мастеркласовите.




И покрај тоа што се одвиваше онлајн, фестивалот им понуди на младите учесници богата филмска и едукативна програма, исполнета со филмови, дискусии, работилници, гости, размена на идеи и мислења, заедничка соработка на проекти, придонесувајќи на тој начин за развој на филмската и културната естетика и нови креативни вештини.

Филмската програма се состоеше од 12 играни филмови во конкуренција, по 4 за секоја од трите возрасни категории, 4 филма во програмата во живо Џифони Плус, 16 кратки филмови во две категории (9 за јуниори и 7 за кадети и сениори), 11 кратки филмови од млади автори – ученици или студенти, за категоријата кадети и сениори и 8 анимирани филмови за кои гласаа сите три возрасни категории. Филмовите за категориите Кадети и Сениори беа титлувани на англиски јазик, а играните филмови за категоријата Јуниори беа титлувани на македонски јазик.

Покрај филмската програма, голем дел од програмата на фестивалот имаше едукативан карактер. Преку мастер-класови, предавања и работилници младите осознаваа нови информации и вештини и ја спознаваа и развиваа својата креативност.

Фестивалот иако се одвиваше онлајн, целосно го задржа традиционалниот формат од 6 фестивалски дена, со богата филмска програма и 8 работилници како и минатите години.

## ФИЛМСКА ПРОГРАМА

И на ова осмо издание, програмата се состоеше од внимателно селектирани филмови, а учесниците, поделени во 3 возрасни групи, во улога на жири ги одбраа најдобрите филмови за младата публика.

Во натпреварувачката програма беа селектирани 12 играни филма распределени во три возрасни групи: јуниори (10-14 год.), кадети (14-16) и сениори (16-19), а секој од филмовите беше проследен со дискусија на темите на филмовите кои ги засегаат младите. Во ова издание натпреварувачката програма беше збогатена со дополнителни категории на кратки филмови за јуниори, кратоки филмови за кадети и сениори, анимирани филмови, како и филмови создадени од ученици и студенти кои го пријавија своето учество на повикот објавен на Film Freeway на кој се пријавија над 100 филмови.

Сите филмови од натпреварувачките категории беа достапни за гледање на платформата Youth.MK во определеното време според програмата на фестивалот.




Учесниците беа регистрирани со емаил адресата со која се пријавија на фестивалот, а по е-маил им беа испратени кодови за приспатап до филмовите од нивната нивната категорија.

По гледањето на филмот, секој учесник гласаше со избирање 1-5 ѕвездички за секој одгледан филм.

Во рамките на филмската програма беа прикажани следните филмови по категории:

**Филмска програма за Јуниори:**




**Мојот брат брка диносауруси**
( Италија)
на Стефано Чипани

**Ловци на вештерки**
(Србија/Македонија)
на Рашко Миљковиќ

**Рока го менува светот**
(Германија)
на Катја Бенрат

**Мед и кајмак**
(Турција)
на Онур Тан

**Филмска програма за Кадети:**




**Војната на Кам**
(Италија)
на Лаура Мускардин

**Даниел'16**
(Грција)
на Димитрис Кутсиабасакос

**Маладата Џулиет**
(Канада)
на Ан Едмонд

**Животот без Сара Амат**
(Шпанија)
на Лаура Жоу

**Филмска програма за Сениори:**




| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вистински маж**<br>(Франција)<br>на Бенџамин Парент | **Љубовен рез**<br>(Германија)<br>на Илијана Естањол и Јохана Лита | **Богородица од Нил**<br>(Франција)<br>на Атик Рахими | **Се прашувам кога ќе ти недостасувам**<br>(Италија)<br>на Франческо Феи |

**Кратки филмови за Јуниори**



## Кратки филмови за кадети и сениори

### Short films Competition

Short films Competition for Cadets and Seniors



Aurembiaix




Fame




Bambilend




On The Tips




Guest




The Family Gold




The Suit

## Анимирани филмови – за сите категории

### Animated Short Films competition

Animated Short Films competition




Suit Up!



The Witch & the Baby



Nestling



My Tagalong




Listen Papa!




Heat Wave




Robert The Robot



Echo

**Студентски филмови – филмови од млади автори**




Жирито ги избра како најдобри следните играни филмови:

- Најдобар филм во категоријата Јуниори:
  **Мојот брат брка диносауруси** на Стефано Чипани ( Италија)
- Најдобар филм во категоријата Кадети:
  **Животот без Сара Амат** на Лаура Жоу (Шпанија)
- Најдобар филм во категоријата Сениори:
  **Богородица од Нил** на Атик Рахими (Франција)









Жирито ги избра како најдобри следните кратки играни филмови:

- Најдобар филм во категоријата кратки филмови Кадети и Сениори:
  **Костумот** на Маурицио Равалесе ( Италија)

- Најдобар филм во категоријата кратки филмови за Јуниори:
  **Луче и јас** на Изабела Салвети ( Италија)

- Најдобар филм во категоријата кратки анимирани филмови:
  **Вгнездување** на Марат Валериевич Нариманов (Русија)

- Најдобар филм во категоријата кратки филмови од ученици и студенти:
  **Низ објективот на копнежот** на Розе Симоновска (Македонија)










**Дополнителни филмски содржини** беа прикажани во попладневните онлајн средби со гостите на фестивалот, односно во мастеркласовите и дискусиите на дадена тема, а истите беа достапни за гледање на платформата youth.mk.

Меѓу нив, осум епизоди од „**Бестрашни**" - францускиот серијал на кратки анимирани филмови посветени на храбрите жени од светската историја, како и пилот епизодата од новата серија „**Тремор**" на младите автори предводени од цифонецот Мартин Чичовски.



## РАБОТИЛНИЦИ НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2020

Џифони Македонија посветува големо внимание на неформалната едукација на младите учесници, меѓу другото со традиционалните креативни работилници во кои младите учесници се запознаваат со техниките и тајните на креативниот и уметнички израз и стекнуваат нови вештини, притоа откривајќи ги своите таленти и интерес за професионално насочување кон креативните индустрии.

Овогодинешното издание ги задржа оние креативни работилници за кои можеше да се обезбеди нивна онлајн верзија и воведе неколку нови, со што бројот на понудени работилници остана непроменет во однос на претходните години, односно три работилнизи за јуниорите и пет за кадетите е сениорите:

| | Работилница | Предавач | Категорија |
|---|---|---|---|
| *1* | Музичка | Лада Шоптрајанова Петровска | Јуниори |
| *2* | Ликовна | Моника Мотеска | Јуниори |
| *3* | Програмирање за деца | Едукативен центар Едуфронт | Јуниори |
| *4* | Дигитален дизајн | Ладислав Цветковски | Кадети и Сениори |
| *5* | Стрип и цртани ликови | Михајло Димитриевски | Кадети и Сениори |
| *6* | Анимација | Крсте Господиновски | Кадети и Сениори |
| *7* | Фотографија | Роберт Јанкуловски | Кадети и Сениори |
| *8* | Креативно пишување | Елена Пренцова | Кадети и Сениори |

## ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА

Ликовната работилница наменета за Јуниорите е место кадешто секој може да ја испроба својата креативност и да научи нешто ново за сликарските тајни и техники. Оваа година ликовната работилница беше фокусирана на уметнички ликовни креации инспирирани од Планетата Земја. Работилницата се одвиваше под менторство на Моника Мотеска, дипломиран сликар со долгогодишно искуство и бројни самостојни изложби, но и богато искуство во работа со деца.






## МУЗИЧКА РАБОТИЛНИЦА

Музичката работилница беше посветена на филмската музика и на музиката како инспирација за филм. Учесниците се запознат со значењето на музиката во филмската уметност и со интеракцијата меѓу музиката и филмот. Низ примери и музички приказни, Лада Шоптрајанова Петровска, виолинистка и писател, ги водеше младите учесници низ дела од класичната и поп музиката користена во филмовите, а учесниците подготвија и заедничка изведба на една музичка нумера.







## РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ СО ПРОГРАМАТА SCRATCH

Работилницата „Програмирање со Scratch" наменета за групата Јуниори ја спроведе Едукативниот центар за компјутерско образование „Едуфронт" од Скопје. Преку активности од програмата „ПрограмИграм во Scratch" младите учесници беа воведени во програмирањето со најинтуитивниот програмски јазик Scratch. Главна цел на Scratch е да ги воведе и запознае со програмирање оние кои немаат претходно искуство во програмирање. Во текот на работилницата децата се запознаа со многу математички концепти (координати, променливи/варијабли и др.) и компјутерски идеи и концепти (низи, услови, циклуси, итерации и др.) Работилницата имаше како резултат кратки секвенци од видео игри создадени од најмладите учесници.



## РАБОТИЛНИЦА ЗА ФОТОГРАФИЈА

Традиционално, една од најбараните работилници е работилницата за фотографија, под менторство на Роберт Јанкулоски, професионален фотограф со долгогодишно искуство, професор по фотографија и истражувач. Оваа година учесниците се запознаа со тајните на професионалната фотографија и изработија низа фотографии инспирирани од природата и од градот, притоа испробувајќи ги новостекнатите сознанија и вештини.







## РАБОТИЛНИЦА ЗА АНИМАЦИЈА

И работилницата за анимиран филм е традиционално присутна на сите изданија од фестивалот Цифони Македонија на барање на младите учесници. И на ова издание, работилницата беше спроведена под менторство на Крсте Господиновски, професор по анимација на факултетот за аудиовизуелни уметности „ЕСРА“ и режисер на анимирани филмови. Учесниците се стекнаа со нови сознанија и информации за техниките кои се употребуваат во оваа уметност и притоа создадоа кратки анимирани филмови со примена на техниката “stop motion”.







## РАБОТИЛНИЦА ЗА ЦРТАНИ ЛИКОВИ

Михајло Димитриевски-Тхе Мичо, еден од најпознатите илустратори и стрип-цртачи во Македонија, беше ментор на овогодинешната работилница за стрип. Тој ги сподели со учесниците на оваа работилница тајните и техниките за создавање на уникатни цртани ликови и ги запозна учесниците со другите креативни уметности кои се користат со цртани ликови.






## РАБОТИЛНИЦА ЗА ДИГИТАЛЕН ДИЗАЈН

На оваа работилница учесниците имаа можност да научат како визуелно да комуницираат, дури и во услови со ограничени материјални и технички ресурси и како со помош на бесплатната платформа Canva да креираат постови за социјалните мрежи. Работилницата имаше за цел и да поттикне индивидуална и тимска работа, но и критичко размислувањ и употреба на графичкиот дизајн како израз на сопствените ставови и мислења. Работилницата ја водеше Ладислав Цветковски, професор по графички дизајн на факултетот за ликовна уметност.




## РАБОТИЛНИЦА ЗА КРЕАТИВНО ПИШУВАЊЕ

Работилницата за креативно пишување, под менторство на поетесата и слемерка Елена Пренцова, имаше за цел да ја разбуди имагинацијата и креативноста на учесниците, да ги носочи и да ги охрабри да го искористат својот креативен капацитет во креирање авторски текстови, како и да ја поттикне нивната љубов и навика кон читањето и книжевната уметност воопшто. Работилницата ги запозна учесниците и со техниките на пишување слем-поезија, техниките на изведба, како и техниките на учење текст напамет и самопродукција на слем-видео како завршен производ на севкупниот креативен процес.




Сите резултати од работилниците (анимираните филмови, фотографиите, графичките и ликовните творби, секвенци од видео игрите и снимки од поетските изведби) беа прикажани на завршната вечер а во периодот по завршување на фестивалот ќе бидат објавени на интернет страницата giffoni.mk и на младинската дигитална платформа youth.mk



За најмладите, во соработка со „Балкан Синема Ситис“, се одржа еднодневна работилница наречена „**Готвиме филм**“со Бранко Попоски кој готви вкусни приказни под името Cooking with Branko. Децата имаа можност да го искомбинираат интересот за филмови со извонредни гастрономски активности, а Бранко за нив подготви рецепт инспириран од филмот Мед и Кајмак кој следуваше во категоријата јуниори.

## МЕЃУНАРОДНОТО ЖИРИ НА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2020

Осмото издание на фестивалот се одржа во септември, пред почетокот на учебната година, и се организираше онлајн, без да може да им ги понуди на младите учесници препознатливите дружења и настани кои вообичаено го анимираат градот и особено Кинотеката и Младинскиот Културен Центар. И покрај овие околности, интересот за учество на фестивалот беше на многу високо ниво. На пријавата за учество се запишаа над 250 ученици од основните и средните училишта од целата држава, а меѓу нив, благодарение на фактот дека изданието се одвиваше онлајн, имаше и учесници кои во тој период престојуваа надвор од државата. Освен учесниците од Македонија, на фестивалот учествуваа уште шеесетина млади од 12 други држави: Италија, Грција, Бугарија, Србија, Турција, Хрватска, Ромаиија, Украина, Полска, Шпанија, Русија и Азербејџан. Исто како и македонските учесници, тие програмата ја следеа од своите домови. Само учесниците од Италија ја следеа програмата од две кино сали во градот Џифони. Официјалниот јазик кој се користеше за време на дискусиите кај кадетите и сениорите беше англискиот.

Од најактивните учесници од сите категории кои најаргументирано и најелоквентно дебатираат на дискусиите, како и од оние кои активно учествуваат на работилниците, се избраат 10 млади претставници како македонски претставници во жирито на Giffoni Experience 2021 во Италија кои во текот на 11 дена ќе учествуваат заедно со над 6000 учсници од преку 50 земји. Во текот на фестивалот покрај гледањето на филмовите, тие ќе имаат можност да се сретнат со врвни италијански и меѓународни автори, режисери, продуценти, актери, писатели и други јавни личности и експерти.

Програмата за сите три категории се одвиваше онлајн, а за таа цел беа обезбедени три паралелни интернет канали преку кои истовремено се одвиваа различни работилници или дискусии за одделните категории.

### ЈУНИОРИ

Првиот ден од програмата на јуниорите започна во 10 часот, со кратката работилница за готвење со Бранко Попоски, кој на најмладите им покажа како се подготвува десерт инспириран од филмот „Мед и кајмак“ кој следуваше на програмата.

Филмовите за Јуниорите започнуваа во 11.30 часот и секој учесник можеше да го гледа филмот на платформата youth.mk, а по проекцијата дискутираа на темите инспирирани од филмовите преку Zoom платформата.

Дискусиите за јуниорите се одвиваа на македонски, а модератори беа Леона Јариќ и Калина Качоровска, средношколки од Скопје, долгогодишни активни учеснички и соработнички на Џифони Македонија. Дискусиите се одвиваа со голем интерес и учество на децата.

Три едукативни работилници за јуниорите водени од ментори, се одвиваа секој ден од 14.00 часот. Учесниците се најавуваа на соодветен линк за дадената работилница, а одговорните за работилниците го евидентираа присуството на децата на избраната работилница и ја координираа работата и дискусиите. Програмата за јуниорите завршуваше по работилниците, односно околу 15.30 часот.





## КАДЕТИ И СЕНИОРИ

Кадетите и сениорите започнуваа со едукативните активности на 5 работилници, на кои работеа со менторите преку платформата Zoom, распоредени во два термини: од 10.00 до 11.30 и од 12.00 до 13.30.




Во 14.00 часот продолжуваше филмската програма за кадети и сениори со прикажување на филм за секој категорија одделно преку платформата youth.mk. Дискусиите по филмовите се одвиваа во одделни виртуелни соби на Zoom платформата, по истиот принцип како кај јуниорите. Дискусиите за кадетите ги модерираа Ева Цветинова и Искра Целаковска, а кај сениорите Марти Али, студенти и поранешни активни учесници на Цифони Македонија и соработници на фестивалот.




Дискусиите во овие возрасни категории се одвиваа на англиски јазик бидејќи на нив учествуваа и учесниците од странство. На две од дискусиите по проекциите на нивните филмови, се приклучија и режисерките Лаура Жоу од Шпанија и Кјара Раписарда од Италија.

## МАСТЕРКЛАСОВИ И ГОСТУВАЊА

На фестивалот Џифони Македонија младите се особено возбудени кога имаат прилика одблизу да се сретнат со познати личности или со професионалци кои особено се истакнале во својата област.

И оваа година Џифони Македонија во овој сегмент понуди богата програма наменета на кадетите и сениорите, а таа се состоеше од осум средби кои се одвиваа во попладневните часови, во една од виртуелните соби на платформата Zoom. На овие средби учесниците можеа да им поставуваат прашања на гостите и да дискутираат на дадената тема. Овие настани беа прикажувани преку директен видео стриминг на интернет, и можеа да се следат како на платформата youth.mk, така и на Фејсбук страната на Џифони Македонија.





Мастерклас одржа директорот на Џифони Експириенс по повод 50 годишнината од фестивалот во Италија, а останатите седум мастеркласови беа поврзани со проекција на филмови на авторите. Така пред дискусиите со режисерите беа прикажани кратките филмови на Леон Ристов, Мартин Чичовски, Сергеј Сарчевски, Розе Симоновска, Ана Андонова. Со јутуберот Стефонатор имаше дискусија проследена со проекција на играниот филм Хакер кој е синхронизиран на македонски јазик, а тој го позајми гласот на главниот лик.






Една дискусија беше посветена на женските права и притоа беа прикажани анимирани филмови од француската серијата „Бестрашни" посветена на најзначајните жени од историјата кои се бореле за правата на жените.

## ЏИФОНИ ПЛУС - ПРОГРАМА ВО ЖИВО

Во вечерната програма Џифони Плус, која се одвиваше во живо, покрај филмот Мојот брат брка диносауруси, со кој се отвори фестивалот на 25 септември, беа прикажани уште 4 играни филма вон натпреварувачките конкуренции:




**Ослепен од светлината**
на Гуриндер Чада
(Велика Британија)




**Несовршено доба**
на Улисе Лендаро
(Италија)




**Адолесцентки**
на Себасиен
Лифшиц (Франција)




**Хакер**
на поул Берг
(Данска)

Програмата Џифони Плус се одвиваше секоја вечер, со почеток во 19 часот во кинотечното летно кино „Мирно Лето“. Заради безбедносните протоколи, бројот на местата во киното беше ограничен, а бесплатните билети можеа да се резервираат онлајн, на виртуелната билетарница на Џифони Макдонија. Посетеноста беше голема, а публиката ја сочинуваа вљубеници во филмот од сите возрасти.

## ВИРТУЕЛНО ГОСТОПРИМСТВО

Џифони Македонија е познато по гостопримството и дружељубивоста, а во досегашните изданија странските учесници беа традиционално сместени во семејствата на нивните македонски врсници. Оваа година гостопримството не изостана, но се одвиваше на виртуелен начин. На сите гости од странство им беше доделен виртуелен домаќин: тие се запознаа и комуницираа онлајн неколку дена пред да започне фестивалот, а некои од нив заедно работеа на проект поделени во групи според земјите учеснички. За проектот тие можеа да бираат помеѓу две теми: сличностите и разликите меѓу двете држави или оригинални решенија за заштита на човековата средина. Така со заедничко дружење и запознавање беа направени 8 видео проекти кои беа прикажани на затворањето на фестивалот, а сите ќе бидат објавени на интернет страната и на платформата.

## ВОЛОНТЕРИ

Волонтерите на Џифони Македонија во најголем дел се поранешни учесници на фестивалот и се значаен сегмент во целата организациска структура за време на фестивалските денови. Оваа година, со оглед на тоа дека фестивалот се одвиваше претежно онлајн, а активностите се координираа главно од канцелариите на Планет-М, го ограничивме бројот на само 6 волонтери. Во текот на денот тие се грижеа за техничката реализација на работилниците и на дискусиите кои се одвиваа преку интернет, односно ги координираа учесниците и им помагаа да се вклучат во виртуелните соби, да поставуваат прашања и слично. Во вечерните часови волонтерите се грижеа и за доследно почитување на протоколите за безбедност во летното кино каде што се одвиваа проекциите на програмата Џифони Плус.

## СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ

Филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија го затвори осмото издание со завршната церемонија која се одржа на 30 септември во кинотечното летно кино „Мирно лето“ од 19:30 часот.




Програмата на свеченото затворање се состоеше во презентација на финалните производи подготвени од страна на младите учесници за време на петте фестивалски дена на осумте работилници и во соработка со странските гости, прогласување на победничките филмови во секоја од возрасните категории. Беа објавени и имињата на првите двајца претставници, избрани меѓу најактивните учесници на осмото издание, кои ќе нѐ претставуваат во интернационалното жири во Италија на Џифони Експириенс 2021. Беа доделени и три награди на најактивните и најкреативните учесници на работилниците.



Завршната вечер, исто како и свеченото отворање на фестивалот, се пренесуваше во живо преку видео стриминг, достапно за гледање за пошироката публика.

***

Видео материјалите и фотографии од фестивалот може да се видат на:
www.facebook.com/GiffoniMK

## ШТО ВЕЛАТ УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА 2020

По завршувањето на фестивалот беше спроведена анкета со цел да се испита како на младите учесници влијаеше овогодинешното онлајн издание, како тие ја доживејаа разликата од минатите изданија и колку се задоволни што фестивалот изнајде начин да се одржи во услови на пандемија. Во продолжение избор од нивните изјави:

„Сè беше супер и бев многу изненадена како тоа се одржа онлајн, а изгледаше многу реално“ – Сара, Скопје, VIII одд.

„Според мене организаторите успешно го износија фестивалот и се справија со предизвиците во едно време необично за сите нас, но сепак останува незаменлива магијата на филмот во кино сала или мастеркласовите со физичко присуство“ – Антим, Битола, II год.

„Џифони Македонија е дел од животите на многу креативни деца кои со нетрпение очекуваат да дојде времето за Џифони, бидејќи во таа една недела ние многу учиме, се дружиме и се забавуваме. Задоволна сум што и покрај сè успеавте на некој начин тоа да не го одложите туку успеавте повторно да нè соедините и во ваква ситуација.“ Кристина, Скопје, I год.

„Дружбата беше супер, се стекнав со нови пријатели. Организаторите успејаа да направат да се почуствуваме како да не е онлајн, туку како да сме физички присутни“ – Марија, Штип, IV година.

„Иако не сум учествувала претходно, сметам дека организацијата беше успешно реализирана и фестивалот беше прекрасно искуство. Ми беше многу пријатно особено поради дискусиите и работилниците, ги гледаш луѓето како зборуваат, мимиките, мислењата и се чувствуваш како да ги знаеш уште одамна.“ – Валентина, Куманово, IV година.

„Со онлајн учеството се обезбеди континуирање на работилниците, мастеркласовите и, најважно, дружбата. Но, ова беше овозможено смао поради успешното одвивање на Џифони 2020. Со учесниците на мојата работилница се здруживме многу, развивме внатрешни шеги и се најдовме на затварањето за подобро да се запознаеме во живо. Сè уште сме во контакт и се договараме за да излеземе заедно кога ќе заврши пандемијата“ – Симона, Скопје, II година

„Џифони ми помогна да ги оттргнам мислите од вирусот и ми помогна да се запознаам со прекрасни личности. Џифони 2020 докажа дека можеме да се социјализираме за време на пандемија“. Корнелија, Скопје, I год.

***

Скопје, октомври 2020